РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Сектор за урбанизам и градежно земјиште**
**Одделение за урбанистичко планирање**
**Бр.28-3/1914/11 од 09.09.2026 година**
**С К О П Ј Е**

**Предмет: ЈАВЕН ПОВИК**

Врз основа на член 50 став (3) од Законот за урбанистичко планирање (''Сл.весник на РСМ'' бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26), Општина Гази Баба доставува:

**ЈАВЕН ПОВИК ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА**
**ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА**

Се известуваат граѓаните, сите заинтересирани правни и физички лица од подрачјето опфатено со планот, подрачјата соседни на планскиот опфат, широката јавност, претставници на стручната јавност, претставници од органи на државна управа, претставници на единиците на локална самоуправа, стручни лица од невладини организации и други стручни лица од областа што е релевантна за планирањето и за конкретниот плански опфат, дека Општина Гази Баба организира

**ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА**
**по Нацрт - Измена и дополна на Детален урбанистички план за градска четврт ЦС 09, Блок 09.01, Општина Гази Баба - Скопје**

Нацрт планот Измена и дополна на Детален урбанистички план за градска четврт ЦС 09, Блок 09.01, Општина Гази Баба – Скопје е изработен од страна на Друштво за архитектонски дејности и инженерство, техничко испитување и анализа ТАЈФА АРХИТЕКТИ ДООЕЛ Куманово, со тех.бр.08/25, од 07.2026 година со површина на опфат во рамки на границите на планскиот опфат која изнесува 21,98 ха.

Планскиот опфат се движи по следните граници:

- на **југ** булевар „АСНОМ“, улица „1647 – крак 7“ и улица „1647 – крак 6“;
- на **запад** улица "Беласица";
- на **север** булевар „Александар Македонски“;
- на **исток** улица „Интернационални Бригади“, улица „1647 – крак 7“ и улица „1647 – крак 8“

Со предметниот Детален урбанистички план, за дел од Блок 09, групите на класи на намени, основните класи на намени и поединечните класи на намени се дефинирани во согласност со член 76 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26) и се утврдени како:

**Комерцијални и деловни намени - група на класа на намени Б:**
• Големи единици за трговија (над 200м2 и/или повеќе од П+1 кат) – основна класа на намена **Б2**;
• Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради – основна класа нанамена **Б4**;

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

• Хотели и хотелски комплекси – основна класа на намена **Б5**;
**Инфраструктури - група на класа на намени Е:**
**Сообраќајни, линиски и други инфраструктури – основна класа на намена Е1:**
• Сообраќајни патни инфраструктури – Примарни и секундарни улични мрежи во населени места - подинечна класа на намена **Е1.1**;
• Инфраструктури за пренос на електрична енергија - Трансформаторски станици - поединечна класа на намена **Е1.8**;
• Цевни водоводи и продуктоводи - Гасоводна шахта - поединечна класа на намена **Е1.10**;
**Згради и комплекси на инфраструктуните системи – основна класа на намена Е2;**
• Згради и комплекси на патниот сообраќај - Бензинска пумпа - поединечна класа на намена **Е2.1**;
**Зеленило, рекреација и меморијални простори - група на класа на намени Д:**
**• Заштитно и сообраќајно зеленило – основна класа на намена Д2.**

**ЈАВНАТА ПРЕЗЕНТАЦИЈА по Нацрт - Измена и дополна на Детален урбанистички план за градска четврт ЦС 09, Блок 09.01, Општина Гази Баба - Скопје, ќе се одржи на ден 08.10.2026 год. со почеток во 10.00 часот во просториите на Општина Гази Баба, барака 8 (голема сала).**

**ЈАВНАТА АНКЕТА по Нацрт - Измена и дополна на Детален урбанистички план за градска четврт ЦС 09, Блок 09.01, Општина Гази Баба - Скопје, ќе трае 30 дена и тоа во период од 29.09.2026 год. до 29.10.2026 год.**

Јавната анкета се спроведува и во електронска форма и во хартиена форма. Јавната анкета во електронска форма се спроведува преку информацискиот систем е-урбанизам и преку службената веб страна на Општина Гази Баба (www.gazibaba.gov.mk), а во писмена форма се спроведува со излагање на планот во просториите на УЗ Автокоманда.

Графички прилог на **Нацрт - Измена и дополна на Детален урбанистички план за градска четврт ЦС 09, Блок 09.01, Општина Гази Баба - Скопје**, ќе биде изложен во просториите на УЗ Автокоманда, секој работен ден од 8,00 часот до 16.00 часот, а ќе биде достапен и во просториите на Општина Гази Баба, Сектор за урбанизам и градежно земјиште, Одделение за урбанистичко планирање.

Учесниците во јавната анкета можат своите забелешки и предлози по Нацрт планот да ги доставуваат на донесувачот во писмена форма преку анкетни листови во просториите на УЗ Автокоманда, преку информациски систем е-урбанизам, како и по електронски пат до веб адресата на Општината, само во определениот рок за времетраење на Јавната анкета.

Се со цел навремено доставување на писмени забелешки, предлози или мислења преку анкетни листови и активно учество на јавната презентација и јавната анкета, Ве покануваме да присуствувате на Јавната презентација.

Доколку во определениот рок не ги доставите анкетни листови, ќе се смета дека немате никакви забелешки, предлози и мислења по Нацрт - Измена и дополна на Детален урбанистички план за градска четврт ЦС 09, Блок 09.01, Општина Гази Баба - Скопје.

Изготвил:
Катерина Велков, диа

Раководител на сектор

Александар Јанакиески, диа

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**Бобан Стефковски**